0201-348; 30.11.2020

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 точка 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на 30.11.2020 година ја донесе следната

### Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

**Член 1**
Предмет на оваа статутарна одлука се измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје (бр. 0201 - 4122/3 од 21.12.2000 година), поради потребата од ажурирање на постојните одредби на Статутот кои се однесуваат на доставување и на полугодишен извештај до Надзорниот одбор од страна на Овластеното лице за спречување перење пари и Службата за усогласеност со прописите и информативна сигурност, како и ажурирање на одредбата за Банкарска тајна согласно измените на Законот за банките, а согласно Извештајот од Службата за усогласување со прописите и информативна сигурност за спроведена оцена на Статутот на Банката, како и усогласување на текстот на Статутот со одредба од Законот за трговските друштва, која се однесува на овозможување на гласање со кореспонденција на Собранието на акционери.

**Во член 36 во став 2** по зборот „**квартални**" се додаваат нови два збора „**и полугодишни**"

**По членот 50 се додаваат нови два члена 50-а и 50- б кои гласат**:

**Член 50-а**
Покрај учеството во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговските друштва, Банката ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието и со кореспонденција пред одржување на седницата на Собранието.

**Член 50-б**
Акционерите можат да гласаат со кореспонденција со испраќање пополнет образец, кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна еден работен ден пред денот на одржување на седницата на Собранието.

Банката на својата интернет-страница ги објавува обрасците за гласање со кореспонденција, опис на постапката, потребната документација за идентификација на акционерите и датумот до кој мора да биде примен образецот за гласање со кореспонденција.

Акционерот што гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница, мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето со кореспонденција, кое мора да биде примено во Банката најдоцна 48 часа пред одржување на седницата, предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

Последователно, со промената членот 50-а станува член 50-в.

**Во член 89-б во став 6** по зборот „**тримесечен**" се додаваат два збора „**и полугодишен**"

**Во член 93 став 7 се менува и гласи:**

За лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, обврската од став 5 не се однесува и во следните случаи:

- по писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење постапки кои се во рамките на неговите надлежности;
- за потребите на Народната банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;
- ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица ѝ се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;
- по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;
- ако податоците ѝ се соопштуваат на Управата за финансиска полиција, во согласност со закон;
- на барање на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамките на извршувањето на нејзините надлежности, во согласност со закон;
- на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;
- на писмено барање на Царинската управа за водење постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;
- на писмено барање на Фондот за осигурување депозити, во согласност со закон;
- на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;
- на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно закон;
- ако податоците ѝ се соопштуваат на Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, во согласност со закон;
- ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народната банка и до кредитно биро, во согласност со закон;
- податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Северна Македонија, а чија членка е банката;
- по писмено барање на лицата овластени за извршување, во согласност со закон и
- ако податоците им се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку банката склучи Меморандум за соработка со овие институции, со кој се регулира начинот на достапноста на податоците од членот 92.

**Член 2**

Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да подготви и пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени горенаведените измени и дополнувања на Статутот.

**Член 3**

Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да усвои измени на Статутарната одлука, на барање на Народна банка на Република Северна Македонија, во постапката за добивање претходна согласност.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на добивање согласност од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Претседавач на
Собранието на акционери
НЛБ Банка АД Скопје